ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 12-201/11**

**Дата: 09.08.2010**

ДО
ОПШТИНА ЖЕЛИНО

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Органот на општина Желино за 2009 година.

Не е извршена ревизија и не е издаден било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на Органот на општина Желино за претходни години.

Изразено е негативно мислење за финансиските извештаи за 2009 година на сметката на Органот на општина Желино и за усогласеност со закони и прописи.
Во општина Желино не е воспоставена внатрешна контрола, како систем на финансиски и други контроли, вклучувајќи ги и организационата структура, методите и процедурите на работење и внатрешна ревизија, нема вработено внатрешен ревизор ниту пак има склучено договор за меѓуопштинска соработка. При невоспоставена внатрешна контрола, отсуство пишани процедури, назначен одговорен сметководител во септември 2009 година, постои можност да се вршат плаќања по не комплетна документација, ненавремено евидентирана и непотврдена од одговорни лица.
Од вкупно извршените расходи во Билансот на приходи и расходи во 2009 година 31% отпаѓа на плаќања по судски извршни решенија по фактури и ситуации од минати години.
Општина Желино нема извршено евидентирање на имотот добиен согласно Решението за делбен биланс донесено од Владата на Република Македонија, поради што искажаната состојба на материјалните средства на 31.12. 2009 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи кои се прикажани на страните од 11 до 13 заедно со ревизија на усогласеност со законските прописи на сметката на Органот на Општина Желино за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е извршена ревизија и не е издаден било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на Органот на Општина Желино за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Ќенан Алиу, градоначалник до 13.04. 2009 година и
- Фатмир Изаири , градоначалник од 14.04. 2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на Органот на Општина

Желино за 2009 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување, и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени

проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 13.04. 2010 до 06.05. 2010 година кај Општина Желино од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на 29.06.2010 година.

На ден 22.07.2010 година со писмо број 12-201/8 примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 12-201/3 од 29.06.2010 година. Забелешките се доставени од поранешниот градоначалник на општина Желино. Исто така на ден 26.07.2010 година со писмо број 08-738/1 од 23.07.2010 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 12-201/3 од 29.06. 2010 година од актуелниот градоначалник на Општина Желино.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат нови докази за измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот, со исклучок на збелешката на наодот од точка 3.3.4. алинеја 2 во делот на изградба на фекална канализација во н.м. Желино поради дополнително доставен доказ овој дел од наодот се брише.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Интерни контроли во процесите

3.1.1. При оценка на интерните контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица, што не е во согласност со член 5 и член 10 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и членот 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
Причините за овие ризици се следните:

- отсуство на пишани процедури за комплетноста и движењето на документацијата со дефинирани и разграничени надлежности и одговорности ;
- недоволна екипираност на општинската администрација, концентрација на повеќе надлежности кај еден вработен (подготовка на буџет, изготвување квартални извештаи, сметководствено евидентирање на трансакциите, годишна сметка на буџетот);
- сметководствените документи архивски не се заверуваат;
- овластен сметководител не е назначен, за да врши проверка и одобрување на документацијата која треба да се плати, и
- нема внатрешен ревизор.

Од април 2009 година со назначување на новиот градоначалник документацијата архивски се заверува, а во септември 2009 година назначен е овластен сметководител.

**Препорака:**
Градоначалникот на општина Желино да донесе:
- пишани процедури за комплетноста и движењето на документацијата во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање, и
- да назначи внатрешен ревизор или да склучи договор за меѓуопштинска соработка со друга општина за користење на услугите од внатрешниот ревизор.

**3.2. Усогласеност со закони и прописи**

3.2.1. Општина Желино нема донесено Програма за уредување на градежно земјиште со активности во делот на комуналните работи, изградба и одржување на локалните патишта и улици, што не е во согласност со член 45 и 46 од Законот за градежно земјиште со кој се уредува просторот, обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарна инфраструктура, изворите за финансирање, пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште и висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште. Не донесување на Програма за уредување на градежно земјиште придонесува за непланирани активности во делот на уредувањето на градежното земјиште и ненаменско користење на буџетските средства.

**Препорака:**
На предлог на градоначалникот Советот на општината да донесе Програма за уредување на градежно земјиште на општината со планирани активности во делот на комуналните работи, изградба и одржување на локалните патишта и улици.

### 3.3. Финансиски извештаи

3.3.1. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на расходите во вкупен износ од 145 илјади денари за гориво и за телефонски трошоци. Фактурите се добиени од приватна здравствена установа и аптека со кои општина Желино има склучено договор за користење на моторно возило и мобилен телефон, без доказ дека истите се направени во целост за потребите на општината. Во овие фирми градоначалникот има сопственичко учество, поради што согласно одредбите од Законот за спречување на корупција, постои судир на интереси и истиот бил должен во периодот на вршење на функцијата да не воспоставува деловни односи со субјектот во кој има сопственичко учество или доколку биле воспоставени предходно да се изземе од одлучување и да ја извести Државната комисија за спречување на корупција.
Според изјавите на надлежните причина за ваквото постапување е блокираната сметка и не можноста за покривање на основните трошоци.
Со оглед на тоа што договорот е за определено време и повеќе не важи, ревизијата не дава препорака.

3.3.2. Општина Желино во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/117 од 23.02.2000 година донесено од Владата на Република Македонија, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Желино , врз основа на спроведен делбен биланс. За овој имот општината нема обезбедено имотни листи од Агенцијата за катастар на недвижности, поради што го нема искажано како состојба во сметководството.
Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2009 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината.
Во текот на ревизијата доставено е Барање до Агенцијата за премер и катастар на недвижности, за издавање на имотни листи за имотот што е сопственост на општината.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе активности да се изврши проценка на вредноста на имотот согласно Методологијата за проценка, и истиот да се евидентира во сметководствената евиденција по добивање на имотни листи во спротивно истиот да се евидентира вонбилансно.

3.3.3. Отсуството на пишани процедури за протокот на финансиската документација, невоспоставените интерни контроли, назначување на одговорен сметководител во септември 2009 година кој ќе ја потврдува комплетноста и точноста на документите доведува до нереално проценување на билансните позиции, односно не е вршена навремена евиденција на обврските, што не е во

согласност со член 7 точка 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници .

Ефект од оваа состојба е тоа што се нема реален увид во обврските во периодот за кој се однесуваат, така по :

- судско извршно решение 046/08, завршна ситуација од декември 2006 година за изградба на општинска зграда на износ 3,873 илјади денари евидентирана во сметководството во октомври 2009 година;
- судско извршно решение 878/07, фактури од 2005, 2006 и 2007 година во вкупен износ од 3,222 илјади денари сметководствено евидентирани во 2008 година, и
- судско извршно решение 670/09, фактури од јануари 2005 година во износ од 6,420 илјади денари сметководствено евидентирани во февруари 2006 година.

3.3.4. Евидентирани се фактури и ситуации во вкупен износ од 4,424 илјади денари за кои не постои комплетна документација, како доказ за извршената работа и тоа на позицијата:

- обврски, евидентирани фактури во 2009 година во вкупен износ 1,064 илјади денари за вршење на градежни работи (поставување на бехатон плочки и тампон за селата: Церово, Чифлик, Рогле) и чистење на смет, за кои работи нема испратница, односно работен налог, и
- материјални средства во подготовка евидентирани фактури и ситуации во вкупен износ од 3,360 илјади денари за кои нема комплетна документација за реконструкција на водоводна мрежа село Стримница по конечна ситуација од 12/2008 година за која нема градежен дневник, проект, извештај од надзор и технички прием.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со член 72, 74 и 75 од Законот за градење (изведувачот меѓу другата документација треба да има проект, градежен дневник, работен налог, извештај од надзор, технички прием), и член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (овластено лице со потпис на документот гарантира дека документот е вистинит и дека реално ја прикажува сметководствената трансакција).

Непочитувањето на законските одредби, недостигот на целосна поткрепувачка документација како потврда за извршените работи, создава ризик од намалена транспарентност во работењето на службите на општината и неисполнување на обврските од страна на изведувачите и надзорниот орган кои произлегуваат од склучените договори и од незаконско користење на средствата.

**Препорака:**

- стручните служби во општината да изготват интерен акт/пишани процедури за потребните документи и постапки што треба да обезбедат следење и контрола на работите кои што се извршуваат и примена на одредбите од Законот за градење, и

- одделението за сметководство евидентирањето на трошоците да го врши на основа комплетна и од овластени лица потврдена документација.

## 3.4. Користење на средствата согласно законските прописи

3.4.1. Советот на Општина Желино донел одлуки за набавка на патнички моторни возила и тоа:

- во 2005 година извршена е набавка на моторно возило Ауди А4 на лизинг од Еуро Лизинг ДООЕЛ Скопје, со набавна вредност 2.314 илјади денари (главница и камата) за што во 2005, 2006 и 2007 година платен е вкупен износ од 1.553 илјади денари. Со блокирање на сметката во 2008 година, општината не била во можност да ги плати доспеаните рати поради што во месец мај 2009 година по добиена опомена го раскинува договорот за лизинг и го вратила возилото, и
- во месец септември 2009 година, општината повторно склучила договор за лизинг со НЛБ Лизинг ДООЕЛ, Скопје за набавка на моторно возило OPEL Insignia, со набавната вредност 1.395 илјади денари (главница и камата), со рок на отплата на 48 рати. Во 2009 година платено е 473 илјади денари.

Долгорочното задолжување на Општина Желино не е во согласност со член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, односно нема јавна расправа, нема Одлука од советот за долгорочно задолжување, договорот не е доставен до Министерството за финансии и нема известување за платените рати.
Непочитувањето на законските одредби во делот на задолжување на општината придонесува да општината се доведе во состојба да не може да ги остварува своите основни функции како и да ги измирува навреме преземените обврски, кое придонело до незаконско и ненаменско трошење на средствата и нанесување на штета на општината.

**Препорака:**
При задолжување на општината да се почитуваат законски пропишаните процедури, водејќи сметка за законско, економично и транспарентно трошење на средствата на општината.

3.4.2. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во 2004, 2005, 2006 и 2007 година во Општина Желино, кои имаат влијание на финансиските извештаи за 2009 година, ревизијата утврди дека истите не се во согласност со одредбите од Закон за јавни набавки и тоа:

- отворен повик бр.03/05 (забрзана постапка, делива) за набавка на огревно дрво, нафта за затоплување и бетонски плочки, за позиција Ц-бетонски плочки, за најповолни понудувачи избрани два понудувачи кои имаат негативен бонитет од Централен регистар на Република Македонија а еден од понудувачите со истечена важноста на бонитет;

- отворен повик 2/2006 за асфалтирање на делница во должина од 1,6 км на локален пат кон село Седларево на износ од 2,983 илјади денари без одлука за јавна набавка, тендерска документација и објава на повикот;
- постапка за јавна набавка од мала вредност за изградба, реконструкција на мрежа на јавно улично осветлување во подрачјето на Општина Желино за 2005 година, во одлуката за јавна набавка нема износ на планирани и обезбедени средства, нема одлука за избор на најповолен понудувач и известување до понудувачите за извршениот избор, и
- на ревизијата не и се дадени на увид постапки за јавни набавки, и тоа за: софтерска лиценца за едношалтерски систем, набавка на бехатон плочки, уредување на паркот пред општината и набавка на информатичка опрема, во вкупен износ од 1,291 илјади денари.

3.4.3. За направени расходи во 2009 година во вкупен износ од 6,005 илјади денари на ревизијата не и се дадени на увид постапки за јавни набавки, поради што ревизијата не се увери дека се спроведени постапки за јавни набавки што не е во согласност со член 66 и 100 од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки, и тоа:

- постапка за јавна набавка во износ од 3.500 илјади денари, за продолжување на изведба на фекална канализација во н.м. Желино. Во 2008 година Општина Желино склучила Анекс договор кон основниот Договор од 2003 година за продолжување на изведба на фекална канализација во н.м. Желино. Потпишување на Анекс на договорот не е во согласност со законските одредби и мислењето од Бирото за јавни набавки (поради поминат рок на важење на основниот договор Општина Желино требало да спроведе постапка за доделување на договор за градежни работи за целосна доизведба на фекалната канализација), и
- постапки за јавна набавка за: поправки и одржување на улично осветлување од страна на ангажирано физичко лице, набавка на бехатон плочки, чистење на снег, набавка на канцелариски инвентар во износ од 2,505 илјади денари.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки има за последица примена на необјективни критериуми за избор на најповолен понудувач, нетранспарентност и јавност на постапката при склучување на договорите и повластена положба на одредени добавувачи.

## 4. Ревизорско мислење

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Органот на Општина Желино на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за

годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.3. и 3.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Органот на Општина Желино, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

4.1. Вкупните ефекти од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата во Билансот на состојбата за 789 илјади денари и се однесуваат на следните позиции и тоа:

- позицијата Материјални средства во подготовка е намалена, а зголемена позицијата Долгорочни кредити и позајмици за износ од 2,000 илјади денари за префрлени средства на ЈП за изградба на фекална канализација;
- позицијата Материјални средства во подготовка и Извори на капитални средства е намалена за износ од 300 илјади денари поради погрешно книжење;
- Позицијата Активни временски разграничувања и Краткорочни обврски спрема добавувачите се зголемени за износ од 5 илјади денари поради помалку искажана обврска, и
- Позицијата Аванси за капитални средства и Пасивни временски разграничувања е зголемена за износ од 494 илјади денари поради испуштено книжење.

Скопје, 04.08. 2010 година

ОРГАН НА ОПШТИНА ЖЕЛИНО

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 34.502 | 32.026 |
| **Вкупно приходи** | | **34.502** | **32.026** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 13.460 | 10.616 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 6 | 11 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 5.579 | 371 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 7.253 | 19.320 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **26.298** | **30.318** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 8.204 | 1.708 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **8.204** | **1.708** |
| **Вкупно расходи** | | **34.502** | **32.026** |

ОРГАН НА ОПШТИНА ЖЕЛИНО

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 94 | 166 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.2. | 63 | 463 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3. | 60 | 3 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.4. | 20 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 70.957 | 74.766 |
| Залихи | 4.1.6. | 1.239 | 0 |
| Аванси за капитални средства | 4.1.7. | 300 | 794 |
| **Вкупно тековни средства** | | **72.733** | **76.192** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 1.781 | 986 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 30.077 | 29.329 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 31.326 | 30.294 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.4. | 2.000 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **65.184** | **60.609** |
| **Вкупна актива** | | **137.917** | **136.801** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 63.608 | 63.470 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 5.322 | 5.699 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 29 | 28 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 896 | 635 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 1.881 | 7.051 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **71.736** | **76.883** |
| **Долгорочни обврски** | 4.4.1. | **1.101** | **295** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.2. | 65.080 | 59.623 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **65.080** | **59.623** |
| **Вкупна пасива** | | **137.917** | **136.801** |

ОРГАН НА ОПШТИНА ЖЕЛИНО

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **59.623** | **59.623** |
| **Зголемување по основ на:** | **7.376** | **7.376** |
| Набавки | 7.376 | **7.376** |
| Расходување | | - |
| **Намалување по основ на:** | **1.919** | **1.919** |
| Амортизација | 1.619 | **1.619** |
| Корекции по ревизија | 300 | **300** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **65.080** | **65.080** |

**До : Државен Завод за Ревизија**
**Ул. Македонија 12/3**
**С к о п ј е**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 22.07.2010
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
12 - 201/8

Врз основа на жлен 30 став 2 од Законот за Државна Ревизија („ Службен весник на РМ „ , бр.66/2010 ), а во врска со Ваш допис бр.12-201/7 од 29.06.2010 година Ви доставуваме следното :

**ПРЕДМЕТ : Забелешки – Дообјаснување ( врзано само за прашања кои се однесуваат за временскиот период од 13.04.2005 до 13.04.2009 година ).**
***В р с к а*** **: Нацрт Извештај 2010 04 18/1, 2, 3.**

*Почитувани,*

Почитувајќи Вашата професионалност и компетентност, но само поради потребата за дообјаснување на нештата, нашето мислење се сведува на следното:

**Врска : Нацрт Извештај – сметка буџет 2010 04 18/1 страна 8, 9 и 10.**

- Во однос на отворен повик бр.04/2007 – зимско одржување на локалната патна мрежа за период 2007/2008 би требало спецификацијата да е потпишана и од овластено лице од надлежното одделение, а минатите периоди мониторингот на зимското одржување често пати на лице место низ патните правци го извршив и лично, заедно со претседателите на Месните Заедници или нивни претставници од дотичните населени места. Со изминивање на зимскиот период секогаш со записник било констатирано дека менаџиравме квалитетно зимско одржување со соодветна количина на сол, песок и соодвета механизација согласно оперативниот план како за ридско планинските села така и во рамничарските населени места.
- Во однос на отворен повик бр.03/2006 веројатно се работи за чистење на дивата депонија во н.м.Требош која беше запалена и по реакција на на жителите и надлежните, поради еколошки причини истата беше

1

исчистена од единствен апликант во објавениот оглас за ова набавка и дел од депонијата поред река Вардар во седиштето која беше неопходно за да им се овозможуваше на Агенцијата за Млади и Спорт отпочнување на активностите за изградба на фудбалско игралиште согласно програмата на Владата на РМ, во спротивно ќе пропаднеше инвестицијата, а денеска општината има во своја сопственост општинско игралиште со сите услови и параметри.

- Во однос на отворен повик бр.02/2005 сметам дека од надлежните Ви беа доставени на увид комплет досието за спроведената постапка согласно законските прописи. Имено , Отворен оглас објавен во ( „ Службен весник на РМ „ , бр.42/2005 стр.74) , под бр.02/0806-87/2 каде предмет на барањето за прибирање понуди беше – набавка и вградување на асфалтна маса за крпење на ударни дупки на локалните патишта и улици во општина Желино и набавка и поставување на навлака д-5 цм. на поголеми поворшини односно должина.
  - Одлука бр.0806-87/1 ; Записник бр.0806-144/1 ; Извештај бр.0806-149/1 ; Евидентен лист бр.0806-144/2 ; Решение за избор бр.0806-149/2; Известување бр.0806-149/3 ; Договор бр.0806-170/3 и коплетна придружна документација на апликантите. Значи се работи за асфалтирање со навлака од 5 цм. со реконструкција на контуинирана должина на патните правци кон с.Требош во должина од 3.2 км. с.Палатица - с.Озормиште 1 км. Делница околу еден км во н.м. Желино кон школото и крпење на ударни дупки во патните правци во подрачјето. ( *поради огромен материјал која беше контролиран можеби се работи за превид* ).

  Спортското игралиште во ОУ с.Седларево е асфалтирано со мој налог веднаш по завршување со асфалтирање на делница на патот Крстец – с.Седларево, бидејќи локацијата беше подготвена за асфалтирање , а оградена со донација, а и поради фактот што асфалтирањето на истата според секоја логика кога механизацијата се наоѓало близу н.м.Седларево ова активност секако е поевтин по брз и во полза на учениците кои триесет години немале школско игралиште , а особено поради фактот што н.м. Седларево има ридско – планински статус и е одалечено триесте км. од седиштето а додека од регионалниот пат Р-402 – Групчин е одалечено 18 км.

- Водоснабдителниот систем во седиштето Желино е воспоставен паралелно со кан.мрежа 2003/2004 ( до крајот на 2004 година ), службите ме известиле дека Ви беа посечени записниците за технички прием на изведена должина на водоснабдителниот систем и канализационата мрежа , записници бр.0806-27/2 , 3 од 28.02.2005 година (пред да стапим јас во функција). Во точно сознание сум дека Главен проект и одобрение за градба и други документација за водоснабдителната мрежа за седиштето има.

2

- Во однос на отворен повик бр.02/2004 наведувам дека се работи за отпочнат проект – изградба на локален пат с.Стримница – с.Челопек пред примопредавање на должноста а во сознаније сум дека за истата е спроведена постапка.

- Исплатениот износ по малку од половина од износот наведен во страна 8 за 2008 година се должи на долгата блокада на сметка а исклучиво се работи за исплата на услуги од страна на ЈП.Македонски телекомуникации, Македонски пошти , Теле-ком, за потребите на општината на одреден начин по моите сознанија се евидентирани, но можеби не согласно упаството за начинот на евидентирање , распоредување и поврат на јавните приходи.

**Врска : Нацрт Извештај – сметка орган на општина Желино бр.2010 04 18/2 страна 7 , 8 и 9.**

- Во однос на т.3.3.4 првиот пасус наведувам дека се работи за набавка и поставување на бекатонски плочки во училишните дворови и патеки во н.м. Церово , Чифлик и Рогле , со спроведена постапка 2007 година доколку се сеќавам, а реализираната работа беше инаугурирана пред родителите, учениците, наставниците и стручните работници во училиштата на наведените н.м. со транспарентен отчет. Налог имало но доставувањето на фактурите е сторено во почетокот на 2009 година колку што дознав од оправдани објективни причини од страна на изведувачот.

- Во однос на вториот пасус од т.3.3.4 наведуваме дека што се однесува за проект водоснабдителен систем за н.м. Стримница – ПРВА ФАЗА ( бидејќи е изведена и втора фаза ) ЕЛС поседува главен проект целокупната документација до договорот и град. книга ( можеби се работи за превид).

- Во однос на отворен повик бр.2/2006 на сознаније сум дека е спроведена постапка согласно прописите а службите ме известија дека досието ви беше доставено на увид. Имено делница од локалниот пат кон с.Седларево е изведено од ПП „ Голец Транс „ а додека делницата од 1.5 км беше изведено од ЈП „ Македонија пат „ од која сметаме дека градежниот дневник беше писмено побарано да се достави на дали тоа е сторено не се сеќавам. Имено за отворен повик 02/2006 го наведувам Одлуката бр.08-8/1 од 05.01.2006 година, текстот на повикот бр.08-8/2 , дописот до ЈП„ Службен весник на РМ „ бр.08-8/3 и останата документација која е во архивата на општината.

3

- Во однос на јавната набавка од мала вредност во 2005 година за изградба , реконструкција и одржување на јавно улично осфетлување во подрачјето на општина Желино , на сознание сум дека се работи за правно лице која истата ја изведувал и минатите години , на која им должиивме како наследен долг за изведените работи и е спроведена постапка.

- Поради инаугурацијата на општинската административна зграда беше неопходно поставување на бекатон плочките и истите се сеќавам дека беа набавени од претпријатието која ја вршил изградбата на објектот бидејќи претпријатието со која имавме договор за бетонски плочки во тој миг немал залихи во плацот бидејќи се работи за крајот на ноември месец , а додека уредувањето на паркот пред оптината е изведен со истите единечни цени на специјализираното претпријатие од нашата општина од која беа набавени и засадени зимзелени засади и дрвца предходно за зелениот појас во седиштето и училишните дворови.

- Информатичка опрема е набавено делумно во зависност од реализираните вработувања на државните службеници во 2006/2008 година.

- Во врска со Анекс договорот за фекалната канализациона мрежа во н.м. Желино сметаме дека за истата побаравме мислење од Бирото за јавни набавки и подготвеноста на претпријатието за продолжување со изведбата во околности кога во основниот договор од 2003 година немаше ниедна одредба која временски ја лимитираше важноста, напротив согласно член 7 од договорот стоеше дека извршување на работите може да биде продолжен од одредни причини. Службите ме известија дека на увид Ви беа доставено целокупното досие од 2003 година , мислењето од бирото и др. Сите списи благовремено беа доставени до Министерството за Транспорт и Врски а средствата поради блокираната сметка на општина согласно подзаконските акти во координација со Министерството за финансии е отворена наменска сметка во која беше трансфериран износот наменет за наведениот проект. Имено , се работи за сложен проект за изведба наа главната канализациона мрежа , а и согласно Законот за градење ваков целисходен изведен проект од еден изведувач по конкретно се мониторира и се бара одговорност од колку стотина метри крак на мрежата да се изведе од еден, стотина од друг, километар од трет изведувач и т.т.

4

**Врска : Нацрт Извештај – сметка наменски дотации бр.2010 04 18/3 .**

Немам забелешки , Напоменуваме дека во 2005 година изменацираме план заедно со дирекциите на ОУ ги исплативме сите настанати обврски на училиштата према доверителите и сметаме дека до крајот на 2008 година немаше обврски, а дотацијата беше распределена согласно формулата на МОН поточно на Владата за дотацијата за општините за Образованието а усогласно со Советот.

Почитувани,

Од Вашите препораки и Нацрт Извештајот научив многу нешта кои сметам дека ќе ми бидат во полза во животот. Сакам да истакнам дека со добивање на мандатот еден од приоритетите ми беше да оформиме модерна и професионална администрација.
Мандатот ја отпочнав во просториите на бившата 33 „ Братство „ каде администрацијата беше сместена десет години под закуп во три канцеларии, а затекнав осум вработени со се техничкиот персонал. Како што и самите се уверивте со заеднички сили изградивме нова општинска зграда во 2006 година. Со трансферот на надлежноста од областа на урбанизмот систимирав двајца стручни лица трансферирани од ПЕ согласно законот. Во 18 декември 2006 година се преселевме во новиот објект, а во текот на 2007 година согласно законските прописи вработивме тројца дипломирани економисти, двајца дипломирани правници од кои четворица од нив денеска имаат над три години работно искуство а едниот дваесетипет , вработивме и други државни службеници т.е. конституиравме одделението за администрирање со приходи, одделението за урбанизам и градежништво, одделението за образование, нормативно – правно одделение, одделението за буџет и финансии, протоколот и др. Во еден од огласите немаше пријавен дипломиран економист со над пет години работно искуство во областа а намерата беше да се вработи внатрешен ревизор како законска обврска, еден оглас исто така пропаднал поради тоа што немаше пријавен градежен инж.архитект со или без работно искуство. Услови со објектот оствaривме, и покрај долгите процедури за вработувања сметаме дека полека ке се дојде до оформување на стручна и модерна администрација во општината, бидејќи со кадровските ресурси, со една солидна и професионална администрација можеме да бидеме во услуга на граѓаните за нивните права и обврски и се разбира за владеењето на правото.

Почитувани , ќе беше голема препутентност да тврдам дека во временскиот интервал 04.04.2005 година до 13.04.2009 година кога на чело на ЕЛС бев јас како градоначалник немаше пропусти или грешки. Пропусти или грешки се случувале несакајќи без злонамера или од други објективни околности.

5

Чуствувам потреба да го истакнам фактот, а и самите се уверивте дека половина од *75-те проценти* пренесени обврски од 2008 во 2009 година ( наведени 18/1 стр. 1 ) од вкупните евидентирани обврски во 2009 година се наследени обврски пред 2005 година, одреден процент е креиран долг а одреден процент долг према ЕСМ – ЕВН за јавното улично осветлување. **Нешто од наследниот долг врз основа на судските налози и во 2005/2006 беа исплатени, а креираниот долг не можевме да го избалансираме поради фактот што долго време во правен поредок беше во сила УПАТСТВОТО за начинот на извршување на налози за извршување и решенијата за присилна наплата кои ја задолжуваат трезорската сметка ( „ Службен весник на РМ., бр.137/2006), која беше укината од страна на Уставен Суд на РМ со одлука бр.96/2008 од 24.08.2008 година, како спротивно со уставот и законите а со која не беа заштитени наменските приходи од централната власт како што е случајот со упатството која е во сила во 2009 година.**

Што се однесува до исполнетите услови за финансиска нестабилност, наведуваме дека во тоа време над триесет општини во земјата поради наследни обврски беа во финансиска нестабилност , некои дури и со фрапантни долгови , за истата имавме неколу средби 2007/2008 година заедно со други колеги од доточните општини со раководството на МФ, а МФ официјално преку ЗЕЛС беше известена за состојбите. Неколку пати тогаш ни беше ветено од најодговорните во МФ а и од Владата на РМ дека ќе се превземат мерки. По огромните напори за нашата општина е одобрена позајмица во 2008 година, а со изменувањето и дополнувањето на Законот за финансирањето на ЕЛС која се случила 2009 година и долгорочната позајмица во износите наведени во нацрт – извештајот.

Се надевам дека Вашите препораки и сугестии целосно ќе се земаат во предвид и во разумен рок пропустите ќе се коригираат а препораките ќе се имплементираат.

Се разбира, многу нешта не зависат од еден човек туку и од многу други околности и можности.

Со почит.

15.07.2010 г.

Поранешен Градоначалник на
Општина Желино
Ќенан Алиу

6

Република Македонија
**Општина Желино**
п.п Желино – 1226
тел: 044 /378-030 fax.378-040
e-mail:komunazh@mt.net.mk

Republika e Maqedonisë
**Komuna e Zhelinës**
p.f. Zhelinë - 1226
tel: 044/378-030 fax.378-040
e-mail:komunazh@mt.net.mk

Република Македонија / Општина Желино
Republika e Maqedonisë / Komuna e Zhelinës
Бр.-Nr. 08-738/1
23.07 2010 год./viti
Желино - Zhelinë

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 26.07.2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 12 | 201/9 | | |

ДО:
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Скопје

**ПРЕДМЕТ: Одговор на Нацрт извештај**

**Почитувани,**

Во врска со Вашиот предмет: Доставување Нацрт извештај за извршена ревизија бр.12-201/6 од 29.06.2010 год. во општина Желино, Ве информираме дека со внимание сме го прочитале и во поголемиот дел немаме забалешки, па ни останува на нас да се потрудиме или да настојуваме да ги отклонуваме неправилностите односно недостатоците.

При оваа мора да напоменуваме дека дел од пропустите, се како резултат на невозможност на нормално работење поради блокираната сметка на општина од Јануари 2008 год.

По превземање на мандатот 14.04.2009 год. општината беше во една многу тешка и неповолна состојба, без воспоставен лимит и во состојба на невозможност на извршување на основните задачи за кои е и основана.Кога напоменуваме дека немаше воспоставен лимит, сакаме да објаснимо дека освен платите на вработените, во општина Желино ништо друго не поминуваше и така се најдовме во една состојба на некомуникација поради испрекината мибилна и фиксна телефонија, електронска комуникација, немање на моторно возило, скренато

внимание за прекин со снабдување со електрична енергија, одржување на уличното осветлување, невожмозност на снабдување со канцелариски материали и низа ред други работи за вршење на оновата функција.При оваа состојба требаше да ги исполнуваме основните барања на граѓаните како дозвола за градба, давање на некои документ или одржување на уличното осветлување, што значи дека требаше да го правиме невозможното за да ги избегнуваме состојбите во кои се наоѓавме.

Дел од пропустите се и резултат на тоа што беше почеток на мојата функција како Градоначалник и се подразбира дека многу работи не ги ни знаев а од друга страна општинската администрација е прилично млада ( со работно искуство) и долго време беа запоставени на страна, а администрацијата е таа која треба да го упатува Градоначалникот во тек на работата.

Ќе се потрудам во понатамошниот текст, да го давам моето појаснување околу констатираните пропусти и една забелешка:

-По нацрт извештајот 18/2 во точка 3.3.1 каде се нагласува дека општината има склучен договор со фирма со која Градоначалникот има сопственичко учество, објаснуваме дека тој Договор за користење на моторно возило е направен без никаква компензација или надомест од страна на општината и со тоа јас сум ценел дека му помагам на општината а не дека ја оштетувам неа.

Од другата страна ние во тој период побаравме моторно возило од Мин.за локалната самуправа, од Мин.за правда, како неопходно средство на општината и истото не можевме да го добиеме од нив.

А кога се воспоставува прашање зошто е избрана фирмата со која јас имам соспственичко учество, одговорот е во тоа дека не можевме да изнајдеме друга фирма која ќе ни даваше возило без никаква компензација и која ќе превземаше обврска да ги исплати фактурите за потрошено гориво, при тоа не знаејќи за исходот дали некогаш општината ќе се деблокира поред таквиот обемен долг и ќе биде во можност да го врати долгот .

Што се однесува за наменското трошење на горивото, напоменуваме дека во тек на тие месеци не е надминат лимитот дозволен од страна на Советот за потрошувачка на гориво а и фактурите се многу помали од сегашните, што значи дека сме се потрудиле да го вршиме тоа што е нај основно потребно.

Истото се однесува и за мобилниот телефон, ние бевме блокирани како општина од страна на операторот Т-мобиле, така да телефонската комуникација ни беше неопходно и јас побарав од приватната аптека да ја одвои сметката за 070-206-034, бидејќи истата има неколку други броеви, и потоа со копиа на фактура од страна на Т-мобиле да направиме цесија со општината.Исто така напоменуваме дека горе наведениот број веќе се води на име мна општината и тој договор траело само неколку месеци.

Во точка 3.3.4. поред другото се наведува дека за изградба на фекална канализација во н.м. Желино, крак 1600 м. Немало извештај од надзорен орган.

Ние за изградба на овој крак имавме пишано упатство од страна на Мин.за транспрт и врски, постапивме по тоа, градежниот дневник е потпишан од срана на надзорниот орган, во прилог Ви доставуваме извештај од овластеното лице и по завршената работа фактурите беа доставени до Мин.за транспорт и врски со комплетна документација, нивна екипа излезе на терен и констатираше за регуларноста на извршените работи и потоа ја прифати документацијата како комплетна за исплата.(во прилог извештај од овластено лице)

Во точка 3.4.1 каде се напоменува дека општината доброволно го вратила возилото- во оваа имам забелешка и никогаш неможам да се согласувам со фактот дека возилото е вратено доброволно и објаснувам дека поред неколкуте опомени и телефонски и писмени, јас лично бев во еуро-лизинг во консултаци како да ја спасиме истата.

Единствениот начин беше да најдеме претпријатие која ќе ги исплати 20-те останати рати, па потоа општината да и го врати долгот (како што сега дознаваме дека и тоа не е законски), и како ние не успевме да најдеме фирма која ќе го исплати долгот, ја добивме и последната опомена во писмена форма (која ви го доставуваме во прилог) дека возилото ќе ни биде присилно одземено и при тоа ќе имаме и други дополнителни трошкови.За да не дојдеме до тоа односно за да го спрчиме превземањето на возило во сред пат, ние одлучивме да го вратиме возилото односно да го избегнуваме присилното превземање на возилото.

Што се однесува за купување на друго моторно возило „Опел Инсигниа,, јас не сум ни знаел дека за тоа треба да се бара дозвола од Сектор за јавен долг, и по практика на сите општини по одобрување од страна на Советот на општината и по воспоставување на лимит од

страна на Основниод Суд –Тетово-каде се предвидуваше и купување на моторно возило, одлучивме да купуваме моторно возило, како неопходно потребна на општината.

Во точка 3.4.3.- во делот постапки за јавни набавки-поправки и одржување на улично осветлување од старана на физичко лице- објаснуваме дека во тој период, имаше повеќе од една година не интервенирано на уличното освтлување, а од друга страна побарувањата од страна на граѓаните беа секој дневни, а ние поради блокирана сметка не бевме во можност да отвараме постапка за јавна набавка и така во тек на неколку месеци бевме принудени да склучиме договор со физичко лице, при тоа запазејќи да не ја надминуваме вредноста на фактурите над 500 еу. Месечно ( вредност за која не е потребно постапка за јавна набавка) и со тоа да интервенираме на местата каде што беше неопходно.

Се надевам дека Ревизијата ќе го земе во предвид горенаведеното, и ќе ја земе во предвид состојбата во која се наоѓавме во тој период.

Со почит,

Градоначалник
Фатмир Изаири

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:**

**Дата:**

**Прилог 2**

Одговор на забелешки
по Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор
на Општина Желино

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Желино за 2009 година на – Сметка на Органот доставени се забелешки заведени под број 12-201/8 од 22.07.2008 година од поранешниот градоначалник на општината кој за дел од периодот на ревизија бил одговорно лице. На овој извештај се доставени и забелешки од актуелниот градоначалник со број 08-738/1 од 23.07.2010 година.

Забелешките се разгледани од ревизорскиот тим и по истите е констатирано следното:

Забелешката **на точка 3.3.1. не се прифаќа**, од причина што истата нема карактер на забелешка туку известување кои се причините за таквото постапување со кое се потврдува констатацијата на ревизијата. Укажувањата на градоначалникот се дека немал други можности да ги надмине состојбите од блокадата на сметката која е присутна подолг период и дека морал да склучи договор за користење на одредени услуги од фирмата во која има сопственичко учество, но истиот го испуштил од вид фактот дека на тој начин постапува спротивно на одредбите од Законот за спречување на корупцијата.

Забелешката на наодот од **точка 3.3.4. алинеја 1 не се прифаќа**, од причина што не се доставени дополнителни докази кои би влијаеле на промена на ревизорското мислење.

Забелешките на наодот од **точка 3.3.4. алинеја 2,** кои се однесуваат на проектот водоснабдителен систем за н..м. Стримница **не се прифаќа**, од причина што не се доставени веродостојни, валидни документи кои би влијаеле на промена на ревизорското мислење. Иако поранешниот градоначалник се повикува дека општината ја поседува целокупната документација истата не е презентирана ниту за време на ревизијата ниту во постапка на забелешки.
Забелешката во делот кој се однесува за изградба на фекална канализација во н. м. Желино каде во текот на ревизијата е утврдено дека нема извештај од надзорен орган, **се прифаќа** од причина што во прилог на забелешките е доставен завршен извештај од овластено лице за реализација на проектот кој за време на ревизијата не е доставен на увид. Овој дел од наодот се брише. Поради тоа и износот во наодот се менува наместо 6,658 илјади треба да стои 4,424 илјади денари

Забелешката на наодот од **точка 3.4.1. се прифаќа делумно** од аспект на преформулирање во функција на дообјаснување и допрецизирање на реченицата„Со блокирање на сметката во 2008 година, општината не била во можност да ги плати доспеаните рати поради што во месец мај го раскинува договорот за лизинг и доброволно го вратила возилото.„ Истата се менува и гласи; „ Со блокирање на сметката во 2008 година, општината не била во можност да ги плати доспеаните рати и по добиена опомена во месец мај го раскинува договорот за лизинг и го враќа возилото.

Забелешките на наодот од точка **3.4.2. алинеја 2,3 и 4** кои се однесуваат на јавни набавки од минати години **не се прифаќаат**, од причина што не се доставени дополнителни релевантни докази кои би имале влијание на ревизорското мислење.

Забелешката на наодот од **точка 3.4.3. алинеја 1 не се прифаќа**, од причина што и покрај добиеното мислење од Бирото за јавни набавки е постапено спротивно на мислењето како и спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки.

Забелешката на **точка 3.4.3. алинеја 2 не се прифаќа** од причина што не е спроведена постапка за јавна набавка за одржување на улично јавно осветлување. Согласно Законот за јавни набавки одредбите од член 11 треба да се користат во принцип за набавки кои се јавуваат инцидентно и кои нема да се повторуваат во текот на годината. Субјектот требал да ја има во предвид и одредбата од член 27 од законот која забранува делење на набавката.